( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено / Pranuar | 02-09-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| 03 | 2326/1 | | |

**До: Државна комисија за спречување на корупцијата**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

______________________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _______/____________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Скенирани копии од поднесени барања за мислење за судир на интереси, односно согласно член 72 и член 74 од ЗСКСИ и соодветните издадени мислења од страна на ДКСК по поднесените барања, а кои барања за мислење се однесуваат за службени лица од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, како и за службените лица во јавните претпријатија, установите, институциите, односно во јавните служби формирани од општините.
Скенираните копии од барањата и издадените мислења да се однесуваат на периодот од февруари 2019 заклучно со јуни 2024 година.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 29.08.2024 година .** [redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Thursday, August 29, 2024 3:17 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање на информација по слободен пристап |
| **Attachments:** | Барање-за-пристап-до-информации-од-јавен-каркатер-word-формат (1).pdf |

Во прилог е барањето

Поздрав,

[redacted]

Бр. / Nr. 03-2326/3
25 -09- 2024 г./v

Согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер со број 03-2326/1 од 02.09.2024 година, поднесено од [redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведен под бр. 03-2326/1 од 02.09.2024 година, доставено од [redacted] СЕ УВАЖУВА.

Бараните информации-документи да се достават до барателот на информацијата на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Барателот на информацијата [redacted] до ДКСК достави барање за пристап до информации од јавен карактер (во електронска форма) со кое побара: *„Скенирани копи од поднесени барања за мислење за судир на интереси, односно согласно член 72 и член 74 од ЗСКСИ и соодветните издадени мислења од страна на ДКСК по поднесените барања, а кои барања мислења се однесуваат за службени лица од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, како и за службените лица во јавните претпријатија, установите, институциите, односно во јавните служби формирани од општините.*
*Скенираните копии од барањата и издадените мислења да се однесуваат на периодот од февруари 2019 заклучно со јуни 2024 година“*

Согласно член 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), ДКСК преку електронска пошта го извести барателот за продолжување на рокот за доставување на бараната информација, поради обемноста на бараните информации и потребата од одвојување на податоците кои се заштитетни со закон.

По разгледување на барањето ДКСК констатираше дека располага со бараните информации и одлучи до барателот да ги достави бараните информации на начин наведено во барањето по одвојување на податоците заштитени со закон за периодот 2019, 2020, 2024 и 2024 година, за 2021 и 2022 година бараните информации се јавно објавени на веб-страницата на ДКСК на следниот линк: https://dksk.mk/mk/%d0%bc%d0%b8%d1%81%d0%bb%d0%b5%d1%9a%d0%b0/ .

Член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси предвидува дека, во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од ДКСК.

Согласно член 6 од Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, ДКСК на колегиум со мнозинство гласови го усвојува предлог мислење по поднесено барање за мислење, по донесен заклучок од колегиум ДКСК, усвоеното мислење се доставува до барателот и во деперсонализирана форма се објавува на веб-страницата на ДКСК.

Со оглед на тоа што документите содржат податоци кои можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации (ДКСК), ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на барањето на останатиот дел од документот.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице

Да се достави до:
- подносителот

**Burim Abazi**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 03-2326/2
12-09-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**From:** Burim Abazi <b.abazi@dksk.org.mk>
**Sent:** Thursday, September 12, 2024 9:02 AM
**To:** [redacted]
**Cc:** [redacted]
**Subject:** ИЗВЕСТУВАЊЕ!
**Attachments:** Барање за пристап до информации од јавен карактер 03-2326-1 од 02.09.2024.pdf

Почитуван,

Ве известуваме дека Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер е примено во ДКСК, истото е заведен под архивски бр. 03-2326/1 од 02.09.2024 година.
Воедно ве информираме дека согласно член 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се продолжува рокот за постапување во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата, поради обемноста на бараните информации.

Ви благодариме за разбирањето,
Со почит,

[redacted]
**Sent:** Thursday, August 29, 2024 3:17 PM
**To:** b.abazi@dksk.org.mk
**Subject:** Барање на информација по слободен пристап

Во прилог е барањето

Поздрав,

[redacted]